D. 29. 9. 75
2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 24 септември 1975
Скопје
Број 34 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**395.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНИЦИ ВО КОИ ОПШТИНИТЕ МОЖАТ ДА ПРОПИШАТ СТАПКИ НА ПОСЕБНИОТ ОПШТИНСКИ ДАНОК НА ПРОМЕТ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

Се прогласува Законот за определување на граници во кои општините можат да пропишат стапки на посебниот општински данок на промет за определени производи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 септември 1975 година.

Бр. 06-2175
23 септември 1975 година

Претседател на Собранието на СРМ, **Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Претседателството на СРМ, **Видое Смилевски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНИЦИ ВО КОИ ОПШТИНИТЕ МОЖАТ ДА ПРОПИШАТ СТАПКИ НА ПОСЕБНИОТ ОПШТИНСКИ ДАНОК НА ПРОМЕТ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Стапката на посебниот општински данок на промет на производи, за производите од тарифен број 1а од Тарифата од Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги („Службен весник на СРМ", број 45/72, 2/73, 3/73, 17/74, 30/74, 19/75, 22/75 и 34/75) не може да изнесува повеќе од 4%.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 октомври до 31 декември 1975 година.

---

**396.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 септември 1975 година.

Бр. 06-2176
23 септември 1975 година

Претседател на Собранието на СРМ, **Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Претседателството на СРМ, **Видое Смилевски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги („Службен весник на СРМ", бр. 45/72, 3/73, 17/74, 30/74, 19/75 и 22/75), во Тарифата, по тарифниот број се додава нов тарифен број кој гласи:

„Тарифен број 1а

Посебен републички данок на промет на производи се плаќа по стапка од 2% на прометот на:

1) мебел,
2) машки и женски кожни чевли,
3) машки и женски кожни сандали,
4) кожна галантерија,
5) памучни и волнени преѓи,
6) памучни и волнени ткаенини,
7) машка и женска конфекција на долна облека,
8) машка и женска конфекција на горна облека,
9) постелнинска конфекција,
10) памучни и волнени ќебиња,
11) памучна и волнена трикотажа,
12) теписи и килими, и
13) предмети изработени од брусено кристално (оловно) стакло".

Член 2

Во тарифниот број 2а, став 1 од Тарифата, точката 1 се брише, а точките од 2 до 15 стануваат точки од 1 до 14.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а одредбите од член 1 на овој закон ќе се применуваат од 1 октомври до 31 декември 1975 година.

---

**397.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за судските такси, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 23 септември 1975 година.

Бр. 06-2177
23 септември 1975 година
Скопје

Претседател на Собранието на СРМ, **Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Претседателството на СРМ, **Видое Смилевски,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за судските такси („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72) во став 1 од Тарифен број 1 од Таксената тарифа, процентот „1,5%“ се заменува со процентот „1,125%“, а процентот „1%“ со процентот „0,75“, додека „20.000“ се заменува со бројот „15.000“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**315.**

Врз основа на чл. 14 и 15 од Законот за самоуправните интересни заедници на вработувањето и за материјалното обезбедување за време на привремената безработност („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74), општинските заедници на вработувањето од територијата на СР Македонија склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ВРАБОТУВАЊЕТО ВО РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заради остварување на единствените интереси во областа на вработувањето и вработеноста општинските заедници на вработувањето од територијата на СР Македонија (општински заедници) се здружуваат и основаат Републичка заедница на вработувањето (во понатамошниот текст: Републичка заедница).

Член 2

Републичката заедница на вработувањето има својство на правно лице.

Седиштето на Републичката заедница е во Скопје.

Член 3

Средства за извршување на задачите на Републичката заедница обезбедуваат општинските заедници на начин утврден со оваа Самоуправна спогодба.

Член 4

Заради поголема мобилност на работната сила, координирање и остварување на одредени права од областа на вработувањето Републичката заедница соработува со републичките и покраинските заедници на вработувањето.

II. ДЕЛОКРУГ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

Член 5

Републичката заедница, покрај работите утврдени во чл. 17 од Законот за самоуправните интересни заедници на вработувањето и материјалното обезбедување, ги врши и следните работи:

— врши работи во врска со вработувањето на наши работници во странство кои со сојузен закон и со меѓудржавни спогодби и се ставени во надлежност;

— им дава стручна помош на општинските заедници и стручните служби на општинските заедници и се грижи за применувањето и развојот на современите методи на работа во областа на вработувањето и вработеноста, професионалната ориентација и стручното оспособување на работните луѓе кои бараат вработување;

— ја утврдува тестовната техника и инструменти за професионална ориентација и вработување и соработува со други организации заради развивање на овие дејности;

— го следи и анализира спроведувањето на општествените договори и самоуправните спогодби во областа на вработувањето;

— објавува извештаи, публикации, анализи и други податоци од работата на општинските заедници и ја развива информативната дејност во врска со задачите на општинските заедници;

— врши и други работи од областа на вработувањето предвидени со закон, оваа Самоуправна спогодба и статутот.

III. ОРГАНИ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

Член 6

Со работите на Републичката заедница управува Собрание.

Изборот и отповикувањето на делегатите во Собранието на Републичката заедница (Собрание) го вршат делегатите во собранијата на општинските заедници што вршат и функции на делегација.

Бројот на делегатите што ги делегираат собранијата на општинските заедници во Собранието на Републичката заедница се утврдува сразмерно на бројот на вработените на подрачјето на општинската заедница со тоа што секоја општинска заедница е претставена со еден делегат.

Член 7

Собранието на Републичката заедница по правило го сочинуваат по еден делегат од секоја општинска заедница што е образувана за подрачје на една општина и по два делегата од секоја општинска заедница образувана за две или повеќе општини.

Општинските заедници на чие подрачје се вработени преку 20.000 работници, во Собранието на Републичката заедница делегираат уште по еден делегат на секои наредни 20.000 вработени.

Член 8

Делегатите на Собранието се избираат за време од 4 години.

Никој не може повеќе од два пати едноподруго да биде избран за делегат во Собранието.

Член 9

Собранието ги врши следните работи:

— учествува во утврдувањето и спроведувањето на политиката на вработувањето и предлага мерки за решавање на проблемите во областа на вработеноста и вработувањето;

— ја следи и учествува во проучувањето на вработеноста и вработувањето, потребите од кадри, професионалната структура на населението и промените во занимањата, како и дејствувањето на стопанските и други мерки врз вработеноста и вработувањето во Републиката;

— го утврдува рокот во кој ОЗТ се должни да ги пријават перспективните потреби и внатрешните резерви на работната сила;

— донесува статут и други самоуправни општи акти на Републичката заедница;

— ја донесува програмата за работа, финансиовиот план и завршната сметка на Републичката заедница;

— ја донесува одлуката за висината на средствата за солидарност и за финансирање на Републичката заедница;

— ги избира и отповикува членовите на Извршниот одбор и другите тела на Собранието;

— ја утврдува организацијата на Стручната служба на Републичката заедница;

— го утврдува предлогот за измена и дополнување на самоуправната спогодба за здружување;

— го именува и разрешува секретарот на Републичката заедница;

— по предлог на Работната заедница на Стручната служба на Републичката заедница ја утврдува висината на средствата потребни за работа на Стручната служба на Републичката заедница;

— располага со средствата за солидарност наменети за материјално обезбедување, стручно оспособување и други права на невработените утврдени со самоуправните спогодби за основање на општинските заедници;

— ги утврдува мерилата и критериумите за доделување средства на општинските заедници од средствата за солидарност;

— го определува износот над кој не може да се исплатува паричниот надоместок;

— ја утврдува стапката и основицата на придонесот за вработување што го плаќаат југословенските работници вработени во странство;

— донесува деловник за својата работа;

— врши и други работи што со Статутот на Републичката заедница ќе му бидат ставени во надлежност.

Член 10

Делегатот во Собранието има право:

— да поднесува предлози на одлуки и други акти и да покренува други прашања од делокругот на Собранието;

— да бара известување од Извршниот одбор на Собранието и од Стручната служба на Републичката заедница за извршување на одлуките и заклучоците на Собранието;

— да бара од ОЗТ и други самоуправни организации и заедници чии делегации ги избрале податоци што му се потребни за неговата работа во Собранието.

Делегатот е самостоен во определувањето и гласањето по прашањата за кои се одлучува во Собранието.

Член 11

Делегатот во Собранието е должен:

— при заземањето ставови по прашањата за кои се одлучува во Собранието да постапува во согласност со насоките на општинските заедници, како и во согласност со заедничките и општите општествени интереси и потреби;

— да води сметка за интересите на другите самоуправни организации и заедници и поширокитe општествени интереси и потреби;

— за работата на Собранието и за својата работа да го известува собранието на општинската заедница.

Член 12

Делегатот во Собранието за својата работа е одговорен пред Собранието на општинската заедница и пред Собранието на Републичката заедница.

Член 13

Собранието од редот на своите членови избира претседател и негов заменик.

Претседателот на Собранието и неговиот заменик ги вршат работите определени со Статутот на Републичката заедница, Деловникот и другите општи акти што им се ставени во надлежност.

Член 14

Извршен орган на Собранието е Извршниот одбор.

Членовите на Извршниот одбор ги избира Собранието од своите редови.

Член 15

За вршење на определени работи утврдени со Статутот, Собранието може да образува комисии и други работни тела.

Член 16

Извршниот одбор, комисиите, и другите работни тела на Собранието за својата работа се непосредно одговорни пред Собранието.

Член 17

За својата работа Собранието донесува деловник за работа.

Член 18

Собранието може да донесе одлука за ревизија на предметите за паричен надоместок и други примања на работниците за време на привремена безработност утврдени со Законот и статутите на општинските заедници.

Со Статутот на Републичката заедница или со друг самоуправен општ акт ќе биде одреден органот овластен да врши ревизија.

**Контрола над работата на органите на управувањето и Стручната служба**

Член 19

Контролата над работата на извршните органи на Собранието и Стручната служба на Републичката заедница ја врши комисија за контрола (во понатамошниот текст: комисија).

Член 20

Комисијата има 9—11 члена.

Членовите на комисијата ги избира Собранието од редот на делегатите на Собранието и делегатите на собранијата на општинските заедници.

Комисијата за својата работа донесува деловник за работа.

Член 21

Комисијата врши контрола во спроведувањето на самоуправните општи акти на Републичката заедница и усогласеноста на самоуправните општи акти со самоуправната спогодба за здружување и статутот на Републичката заедница.

Член 22

Комисијата за својата работа одговара на Собранието на Републичката заедница.

Комисијата го известува Собранието и неговите органи за своите наоди, за спроведувањето на самоуправните општи акти, за законитоста во работата, со цел да се преземат соодветни мерки заради отклонување на утврдените негативни појави.

Собранието е должно да ги разгледа забелешките и предлозите од комисијата и за истите да се изјасни на првата наредна седница.

**Стручна служба на Републичката заедница на вработувањето**

Член 23

Стручните, финансиските и административно-техничките работи од надлежноста на Републичката заедница ги врши Стручната служба на Републичката заедница.

Со работите на Стручната служба на Републичката заедница раководи секретарот на Републичката заедница.

Член 24

Начинот на извршувањето на стручните, финансовите и административните работи се утврдуваат со Статутот на Републичката заедница.

Член 25

Средства за работа на Стручната служба на Републичката заедница обезбедува Републичката заедница.

Член 26

Висината на средствата за работа на Стручната служба на Републичката заедница се утврдува врз основа на програмата за работа која ја донесува Собранието.

Член 27

Со финансискиот план на Стручната служба на Републичката заедница се утврдуваат средствата за работа на Стручната служба на Републичката заедница. Остварените приходи и извршените рас-

ходи за работењето на Стручната служба на Републичката заедница се утврдуваат со завршна сметка која е составен дел на завршната сметка на Републичката заедница.

Член 28

Меѓусебните права и обврски на Републичката заедница и работниците на Стручната служба на Републичката заедница се регулираат со посебна спогодба во согласност со закон.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 29

Општинските заедници од придонесот за вработување обезбедуваат средства за солидарност и за финансирање дејноста на Републичката заедница.

Средствата за солидарност и за финансирање на Републичката заедница се утврдуваат секоја година со одлука на Собранието а врз основа на пресметка на трошоците за кои се наменети овие средства во текот на годината.

Одлуката од претходниот став се донесува по претходно мислење од собранијата на општинските заедници.

Постапката за донесување на одлуката се утврдува со Статутот на Републичката заедница.

Член 30

Општинските заедници кои расходите за материјално обезбедување и за финансирање дејноста на општинските заедници не можат да ги покријат од придонесот за вработување, Собранието на Републичката заедница може со одлука да ги ослободи целосно или делумно од дозначување на средствата што треба да ги уплатуваат за солидарност и за финансирање дејноста на Републичката заедница.

Член 31

Вкупните средства на Републичката заедница се користат за:

1) солидарност и

2) финансирање дејноста на Републичката заедница.

Член 32

Средствата за солидарност од чл. 33 ст. 1 точ. 1 на оваа Самоуправна спогодба можат да се користат:

— првенствено за доделување дополнителни средства за материјално обезбедување на општинските заедници на кои средствата од придонесот за вработување не достигаат за покривање на трошоците за материјално обезбедување на невработените;

— преквалификација на работните луѓе кои поради економски причини останале без работа;

— за партиципација за стручно оспособување на невработените кои прв пат бараат работа ако постои претходно договор меѓу општинската заедница и организацијата за учеството на организацијата во програмирањето и финансирањето на стручното оспособување и обврска за вработување на работниците по завршувањето на стручното оспособување;

— за финансирање дејноста на општинските заедници, работа на органите на управувањето и на стручните служби на општинските заедници за извршување на минималните функции што ќе се утврдат со посебна самоуправна спогодба.

При распределбата на средствата, Собранието е должно првенствено да обезбеди средства за доделување дополнителни средства за материјално обезбедување и за извршување на минималните функции на општинските заедници.

Член 33

Средствата за солидарност се доделуваат на општинските заедници под следните услови:

— висината на стапката на придонесот за вработување на територијата на општинската заедница да не биде пониска од највисоката стапка на придонесот за вработување утврдена од било која општинска заедница во Републиката;

— износот на паричниот надоместок што ќе го утврди општинската заедница не биде повисок од оној што го утврдила Републичката заедница;

— да се исполнети другите услови утврдени со Статутот или друг самоуправен општ акт на Републичката заедница.

Член 34

Од средствата за солидарност се образува резерва.

Во средствата за резерва се издвојува најмалку 25% од средствата наменети со финансовиот план за солидарност во тековната година се додека средствата од резервата не достигнат 20% од годишниот просек на потрошените средства за материјално обезбедување за изминатите три години во Републиката.

Средствата од резервата служат за покривање на вишокот на расходите за материјално обезбедување во текот на годината.

Член 35

Средствата за финансирање дејноста на Републичката заедница првенствено се користат за:

— работа на самоуправните органи на Републичката заедница;

— работа на стручната служба на Републичката заедница.

Член 36

Финансовиот план на Републичката заедница за секоја календарска година се донесува до крајот на тековната година за наредната година.

Ако финансовиот план не се донесе во рокот утврден во претходниот став, ќе се донесе одлука за привремено финансирање на Републичката заедница најдолго за период од 3 месеци, а најмногу до една четвртина од вкупниот износ на средствата по завршната сметка од претходната година.

## V. ОДНОСИ МЕЃУ ОПШТИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

Член 37

Работата на Републичката заедница е јавна.

Член 38

За својата работа Републичката заедница ги запознава општинските заедници преку билтен на Републичката заедница, а организациите на здружениот труд, општествено-политичките заедници и организации и граѓаните преку средствата за јавно информирање.

Член 39

Републичката заедница може да покренува иницијатива за општествено договарање и самоуправно спогодување помеѓу општинските заедници за одделни прашања од заеднички интерес.

Член 40

Републичката заедница соработува со општествено-политичките организации и заедници.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 41

Првата седница на Собранието ја свикува и со неа раководи до изборот на претседател на Собранието, претседателот на Иницијативниот одбор.

Член 42

Собранието е должно да покрене постапка за изменување односно дополнување на оваа Самоуправна спогодба во случај кога е потребно да се изврши усогласување на одредбите од оваа Самоуправна спогодба со Закон, Општествен договор и други самоуправни спогодби.

Постапка за измена и дополнување на оваа Самоуправна спогодба можат да покренат и најмалку 5 општински заедници.

Член 43

Оваа Самоуправна спогодба се смета за усвоена кога за неа со мнозинство на гласови се изјаснат најмалку 50% од собранијата на општинските заедници, а за склучена кога ќе ја потпишат овластените претставници на собранијата на општинските заедници.

Член 44

Измени и дополнувања на оваа Самоуправна спогодба се вршат по истата постапка по која е донесена.

Член 45

Оваа Самоуправна спогодба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе ја потврди Собранието на СРМ.

ПОТПИСНИЦИ:

1. Општинска заедница на вработувањето — Битола
Овластен потписник
**Миливој Димитровски,** с. р.
2. Општинска заедница на вработувањето — Берово
Овластен потписник
**Габер Миленко,** с. р.
3. Општинска заедница на вработувањето — Валандово
Овластен потписник
**Трајко Боев,** с. р.
4. Општинска заедница на вработувањето — Виница
Овластен потписник
**Никола Здравков,** с. р.
5. Општинска заедница на вработувањето — Гевгелија
Овластен потписник
**Петар Танчевски,** с. р.
6. Општинска заедница на вработувањето — Гостивар
Овластен потписник
**Милош Ѓурчиновски,** с. р.
7. Општинска заедница на вработувањето — Делчево
Овластен потписник
**Алија Абдулов,** с. р.
8. Општинска заедница на вработувањето — Кавадарци
Овластен потписник
**Никола Бањански,** с. р.
9. Општинска заедница на вработувањето — Кичево
Овластен потписник
**Звонимир Павичевиќ,** с. р.
10. Општинска заедница на вработувањето — Кочани
Овластен потписник
**Панче Ристов,** с. р.
11. Општинска заедница на вработувањето — Кратово
Овластен потписник
**Јордан Јовановски,** с. р.
12. Општинска заедница на вработувањето — Крива Паланка
Овластен потписник
**Станојко Илиевски,** с. р.
13. Општинска заедница на вработувањето — Крушево
Овластен потписник
**Ристо Трајчуле,** с. р.
14. Општинска заедница на вработувањето — Куманово
Овластен потписник
**Томислав Велковски,** с. р.
15. Општинска заедница на вработувањето — Неготино
Овластен потписник
**Давитко Јанков,** с. р.
16. Општинска заедница на вработувањето — Охрид
Овластен потписник
**Павел Мишевски,** с. р.
17. Општинска заедница на вработувањето — Прилеп
Овластен потписник
**Димитар Пацаноски,** с. р.
18. Општинска заедница на вработувањето — Пробиштип
Овластен потписник
**Павле Ѓорѓиевски,** с. р.
19. Општинска заедница на вработувањето — Радовиш
Овластен потписник
**Славчо Вуков,** с. р.
20. Општинска заедница на вработувањето — Ресен
Овластен потписник
**Митко Крстевски,** с. р.
21. Општинска заедница на вработувањето — Св. Николе
Овластен потписник
**Благој Панески,** с. р.
22. Општинска заедница на вработувањето — Скопје
Овластен потписник
**С. Дојчиновски,** с. р.
23. Општинска заедница на вработувањето — Струга
Овластен потписник
**Сотир Опетчевски,** с. р.
24. Општинска заедница на вработувањето — Струмица
Овластен потписник
**Славчо Арсов,** с. р.
25. Општинска заедница на вработувањето — Тетово
Овластен потписник
**Јован Апостолски,** с. р.
26. Општинска заедница на вработувањето — Титов Велес
Овластен потписник
**Тошо Пљаков,** с. р.
27. Општинска заедница на вработувањето — Штип
Овластен потписник
**Коста Кукутанов,** с. р.
28. ОЗВ — Дебар
Овластен потписник
**Муча Петрит,** с. р.
29. ОЗВ — М. Брод
Овластен потписник
**Мирко Јакимовски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕБАР

**316.**

Врз основа на член 35 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар, на седницата одржана на 25 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕБАР

I

За вршење на стручните, административните и финансиските работи, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар формира Стручна служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, организирана како работна заедница без својство на правно лице.

До донесување на општи акти за организација на Стручната служба и општи акти за систематизација на работните места, Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, со денот на конституирањето на оваа заедница, се презема со постојната организација и систематизација на работните места.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. 5. 1974 година.

Бр. 02-890
25 јуни 1975 година
Дебар

Претседател,
**Дема Ивзи**, с. р.

**317.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 23 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар, на седницата одржана на 25 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СРМ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЛЕКОВИ

I

Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар ја овластува Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување на СРМ — Скопје да пропише партиципација на осигурениците и осигурените лица за користењето на лековите вон здравствените организации.

II

Пропишаната партиципација од страна на овластената републичка заедница од точката прва на оваа одлука ќе се применува и на осигурениците на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 02-889
25 јуни 1975 година
Дебар

Претседател,
**Дема Ивзи**, с. р.

**318.**

Врз основа на член 49 и 50 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 23 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување, на седницата одржана на 25 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА НАДОМЕСТОК НА ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕБАР

Член 1

Со оваа одлука се определува начинот на употреба на превозни средства, услови на начинот на остварување на надоместокот на патни трошоци и висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место која им припаѓа на осигурениците и осигурените лица од работничкото осигурување и со нив изедначени лица на товар на средствата на фондот на Заедницата, а во случај кога корисникот на здравствената заштита е упатен од надлежен лекар да користи здравствена заштита надвор од местото на живеењето на начин пропишан со општ акт на Заедницата.

НАДОМЕСТ НА ПРЕВОЗНИ ТРОШОЦИ

Член 2

Надоместот на трошоците за превоз им припаѓа на осигурените лица од работничкото осигурување за случај предвиден со општ акт на Заедницата во висина на тарифата на јавниот сообраќај.

Надоместокот на трошоците за превоз припаѓа на осигурените лица кога поради итност на случајот или здравствената состојба по налог на лекарот или здравствената организација, превозот е извршен со друго превозно средство.

Кога превозот во случајот од претходниот став е извршен без претходен налог на лекарот и здравствената организација, оправданоста на превозот и превозното средство накнадно ја цени лекарската комисија на Заедницата.

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се определува според најкусата релација и тоа по основната тарифа од редовните превозни средства на јавниот сообраќај.

Под основа на тарифа на јавен сообраќај се подразбира:

— во случај на патување со железница — II класа на патнички воз,

— во речниот и поморскиот сообраќај припаѓа право на превоз со II класа пловни објекти,

— кога превозот се врши со автобус, припаѓа право на полна цена на чинењето на превозот,

— кога на иста релација има железнички, бродски и автобуски сообраќај осигуреното лице има право на надоместок на превозни трошоци по најниската тарифа.

Член 4

Ако осигуреното лице, врз основа на посебни прописи, има право на бесплатно возење при користењето на превозните средства на јавниот сообраќај, не му припаѓа надомест на трошоци за превоз.

Одредбите од претходниот став не се однесуваат на случаите кога осигуреното лице има право на повластено возење само за определен број на патувања во текот на годината.

Член 5

На осигурените лица кои користат здравствена заштита спротивно на одредбите на општите акти за начинот на користење на здравствената заштита, не им припаѓа право на надомест на патни трошоци.

Член 6

Налогот односно упатот за патување во друго место поради користење на здравствена заштита, важи само за едно патување. Во колку лекаротспецијалист на кого осигуреното лице му е упатено на преглед, најде дека е потребно испитување кај друг специјалист, првобитниот упат важи за сите останати прегледи.

Кога осигуреното лице во смисла на претходниот став е упатено односно преземено на амбулантно специјалистичко испитување и лекување, издадениот патен налог важи за цело време додека трае испитувањето односно лекувањето.

ВИСИНА НА НАДОМЕСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО

Член 7

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место на осигурените лица им припаѓа како следува:

1. на подрачјето на Републиката — во износ од 60 динари,

2. во Скопје — 70 динари,

3. во Скопје кога се користи ноќевање — 100 динари под услов да докаже со сметка од хотел за користеното ноќевање,

4. надвор од подрачјето на СРМ — 80 динари,

5. републички центри во СФРЈ — 100 динари.

За осигурениците деца до 10 годишна возраст надоместокот за исхрана и сместување од претходниот став се намалува за 50%.

Надоместокот за исхрана и сместување припаѓа во полн износ, ако патувањето и престојот во друго место заедно со часовите на превозот траеле повеќе од 12 часа, а помалку од 24 часа, а во половина износ ако патувањето траело повеќе од 8 часа а помалку од 12 часа.

Ако осигуреникот и осигуреното лице не користи ноќевање, износот на полниот надоместок што припаѓа за престој подолг од 12 часа се намалува за 30%.

Член 8

Барањата за надоместокот на трошоците за превоз и исхрана, како и за сместување стасуваат за исплата првиот нареден ден по завршеното лекување односно по завршеното патување.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-891
25 јуни 1975 година
Дебар

Претседател,
**Дема Ивзи,** с. р.

---

**319.**

Врз основа на член 49 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 23 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар, на седницата одржана на 25 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПОГРЕБНИ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ И СО НИВ ИЗЕДНАЧЕНИ ЛИЦА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ДЕБАР

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот, условите за стекнување и начинот на остварување на правото на погребни трошоци и посмртна помош во случај на смрт на осигуреник или осигурено лице на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар.

Член 2

Надоместокот на трошоци за погреб се утврдува во износ и тоа:

— 500 динари во случај на смрт на осигурено лице до едногодишна возраст;

— 800 динари во случај на смрт на осигурено лице преку една година до 7 годишна возраст;

— 1100 динари во случај на смрт на осигурено лице преку 7 годишна возраст до 14 годишна возраст; и

— 1400 динари во случај на смрт на осигуреник односно осигурено лице постаро од 14 годишна возраст.

Член 3

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицето што го извршило погребот на осигуреното лице односно осигуреникот, врз основа на извод на умрените, потврда за извршен закоп и здравствената легитимација на умреното осигурено лице — осигуреник.

Член 4

На членовите на семејството на умрен осигуреник им припаѓа посмртна помош во височина на едномесечен износ од основата за надоместок на личен доход, односно едномесечна последна пензија, материјално обезбедување или привремен надомест.

Член 5

Барањето за исплата на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош стасува на денот на смртта на осигуреното лице односно осигуреникот.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-892
25 јуни 1975 година
Дебар

Претседател,
**Дема Ивзи,** с. р.

**320.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 23 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 25 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварување на право на надоместок за спрема на новородено дете, кој припаѓа на осигурениците — работници од Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар.

Член 2

Висината за спрема на новородено дете изнесува 250 динари.

Надоместокот за спрема на новородено дете се исплатува на осигуреникот доколку се исполнети условите за користење на тоа право со закон и општи акти на Заедницата.

Член 3

Надоместокот за спрема на новородено дете го исплатува Стручната служба на Заедницата на основа поднесено барање од страна на осигуреникот.

Кон барањето се прилага оценка од лекар — гинеколог според кое породувањето ќе уследи во рок од еден месец од денот на давањето на оценката, извод од матичната книга на родените доколку барањето не е поднесено пред породување на детето.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-893
25 јуни 1975 година
Дебар

Претседател,
**Дема Ивзи,** с. р.

**321.**

Врз основа на член 23 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 23 став 1 точка 23 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар, на седницата одржана на 25 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се сметаат како издржувани лица членовите на семејството и другите лица што се осигурени според одредбите на законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението, како и условите под кои ќе се смета дека издржуваното лице нема сопствени приходи доволни за издржување.

Член 2

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото домаќинство ако тие живеат со него во заедничко домаќинство и немаат сопствени приходи за издржување, а осигуреникот ги издржува од своите приходи.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови на домаќинството немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивните катастарски приходи од земјоделие не го надминуваат износот од 400 динари годишно по едно издржувано лице или другите приходи не го надминуваат износот од 15 динари месечно, или ако катастарскиот приход и другите приходи не го надминуваат износот од 1.500 динари годишно по издржувано лице.

Член 4

Се смета дека децата земени на издржување во смисла на член 20 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението што немаат сопствени приходи ако приходите на нивните родители по член на домаќинството не го надминуваат износот предвиден во член 3 од оваа одлука.

Член 5

Како приходи во смисла на членот 3 од оваа одлука не се сметаат приходите по основ на инвалиднина, телесно оштетување и додаток за помош и нега што се обезбедува според прописите од инвалидското осигурување, како и други примања на издржуваното лице за кои според посебни прописи, со кој се установуваат одделни примања изрично е установено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-894
25 јуни 1975 година
Дебар

Претседател,
**Дема Ивзи,** с. р.

**322.**

Врз основа на член 23 точка 8 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Дебар, Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар, на седницата одржана на 25 јуни 1975 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонеси за здравствено осигурување и за утврдување на правото од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци за кои со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението не е утврдена основица за придонесите.

Член 2

За вработените лица кај приватните работотавци основицата е личниот доход договорен помеѓу работодавецот и работникот, но не помалку од следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| — за неквалификувани работници и домашни помошнички минималниот личен доход на општина Дебар | 1000 | динари |
| — полуквалификувани работници | 1300 | динари |
| — квалификувани работници | 1500 | динари |
| — висококвалификувани работници | 1800 | динари |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 02-895
25 јуни 1975 година
Дебар

Претседател,
**Дема Ивзи,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КОЧАНИ

**323.**

Врз основа на член 36 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 22 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — земјоделци одржана на 26 јуни 1975 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Член 1

Осигурениците задолжително учествуваат во трошоците на користење на здравствена заштита во поширок обем утврдена со Статутот на Заедницата и тоа:

— 50% од цената на здравствените услуги за:

1. преглед и лекување кај лекарот од општа практика и лекар-специјалист во сите видови на амбулантно-поликлиничките здравствени работни организации, како и потребни лекарски испитувања во врска со прегледот;

2. стационарно лекување во сите стационарни здравствени работни организации, вклучувајќи ги и специјализираните стационари, освен стационарите со примена на природните фактори за лекување;

3. прегледи, лекување, пломбирање и вадење на заби во сите забоздравствени ординации, вклучувајќи ја и специјалистичката ординација, освен забна протетика;

4. може да користат превоз со кола за итна помош кога е тоа неопходно за пренос на болниот од станот до најблиската здравствена организација која може да му пружи потребна лекарска помош.

Член 2

Учениците и студентите до 26 годишна возраст, кој се наоѓаат на редовно школување ќе партиципираат во проширените права на здравствената заштита со 20%.

Член 3

Осигурениците — земјоделци учеството предвидено во оваа одлука за извршени здравствени услуги го плаќаат на здравствената организација која ја извршила услугата.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување височината на учеството на осигурените лица во поднесувањето на трошоците за здравствени услуги, бр. 04-6/4 од 01. 06. 1973 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јули 1975 година.

Бр. 841
26 јуни 1975 година
Кочани

Претседател,
**Никола Соколов,** с. р.

**324.**

Врз основа на член 25 став 1 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 22 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници и Соборот на давателите на услугите, одржана на 26 јуни 1975 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ, САМОСТОЈНИТЕ УГОСТИТЕЛИ, ПРЕВОЗНИЦИ И АДВОКАТИ

Член 1

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители, автопревозниците и адвокатите служи даночната основица (личниот доход) од самостојно вршење на стопанска дејност утврдена за претходната година, со тоа што таа основица се смета како аконтација за текуштата година, која основица не може да изнесува помалку од минималниот личен доход во Републиката за текуштата година, а доколку даночната основица е донесена за текуштата година, тогаш и допринсот ќе се пресметува и плаќа за текуштата година.

Член 2

За самостојните занаетчии, самостојните угостители, превозниците и адвокатите, на кои не им се утврдува даночната основица, а данокот го плаќаат во годишен паушален износ, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравственото осигурување ќе служи паушалниот износ или минималниот личен доход за текуштата година.

Член 3

Ако даночната основица (личен доход) не е утврден за дел од календарската година поради тоа што дејноста не е обавувана за цела година, како основица за осигурување ќе служи привремено минималниот личен доход определен за текуштата година, до конечното утврдување на даночната основица.

Член 4

За лица пензионери, вработени со полно и помалку од полното работно време за работите кои ги работат, служи основицата на личниот доход што го примаат за работното време.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 852
26 јуни 1975 година
Кочани

Претседател,
**Никола Соколов**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Окружниот суд во Скопје објавува дека при овој суд е заведен спор за развод на брак од тужителката Демирана Алиева од Титов Велес, ул. „Крушевска" бр. 43, против тужениот Кенан Алиевски, порано од Титов Велес, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Кенан Алиевски во рок од 30 дена да се јави на овој суд или да ја достави својата адреса. Во спротивно судот ќе му постави старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 966/75. (114)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Ѓулер Ахмед Хајрула од Сингелиќ, ул. „Романка Каслакијевиќ" бр. 12б, против тужениот Арслан Хајрула од Скопје, сега во Белгија со непозната адреса, вредност 2.000 динари.

Се повикува тужениот Арслан Хајрула во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави лично во судот или да ја достави својата точна адреса. Доколку во определениот рок не се јави, за тужениот ќе се одреди старател.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1634/75. (115)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води граѓанска постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Размо Томовски од Скопје, сега на привремена работа во Австралија, против тужената Антонија Томовска, родена Блажевиќ, од Скопје, сега со непозната адреса во странство, вредност 2.000,00 динари.

Се повикува тужената Антонија Томовска, родена Блажевиќ, да се јави во судот лично или писмено за да одреди свој застапник во постапката или лично да биде присутна во рок од 30 (триесет) дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе ѝ биде поставен привремен застапник кој ќе ги штити нејзините интереси до нејзиното јавување.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1640/75. (116)

---

Пред Окружниот суд во Скопје поднесе тужба за развод на брак тужителката Ремзија Ибрахим Пашиќ, родена Рашљанин, од Скопје, ул. „Васил Главинов" бр. бр. 13, против Михамед Ибрахимпашиќ од Скопје, ул. „Васил Главинов" бр. 13, сега во странство со непозната адреса.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да се јави на судот и ја соопшти сегашната своја адреса. Во спротивно ќе му биде определен старател кој во оваа постапка ќе ги застапува неговите интереси.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1394 од 15. IX. 1975 година. (120)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води граѓанска постапка за развод на брак, по тужбата на тужителот Слободан Гајдовски од село Требош, Тетовско против тужената Снежана Гајдовска, родена Костиќ, од село Требош, Тетовско, сега во Австралија со непозната адреса, вредност 2.000,00 динари.

Се повикува тужената Снежана Гајдовска да се јави во судот лично или писмено и да ја достави својата адреса или да одреди свој полномошник кој ќе ја застапува во постапката. Во спротивно ќе ѝ биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси во спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1712/74 од 4. II. 1975 год. (117)

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Марика Мајкиќ, родена Додева, од Скопје, против тужениот Ѓорго Мајкиќ од Скопје, а сега на привремена работа во Западна Германија со непозната адреса.

Се повикува тужениот Ѓорго Мајкиќ да се јави на овој суд или да ја достави својата точна адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно судот ќе му определи старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 569/75. (118)

---

При овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на Фадила Кадиќ од с. Горно Свиларе, Општина — Скопје, против тужениот Месуд Кадиќ, со непознато место на живеење. Вредност на спорот 2.000,00 динари.

Се повикува тужениот Месуд Кадиќ во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во судот или да ја достави својата адреса. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот ќе му определи привремен старател согласно чл. 77 од ЗПП кој ќе го застапува до правосилното окончување на бракоразводниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1148 од 12. IX. 1975 година. (123)

ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Мифтари Фитнен од село Новосело, Битолско, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Мифтари Ешреф од село Делогожда. Тужениот сега е со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Ешреф е со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 137/75. (113)

---

Цифкароска Ѕвезда од Прилеп, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Цифкароски Богдан, сега со непозната адреса. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник.

Во спротивно на истиот ќе му биде определен старател по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 423/75 (119)

---

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 30. X. 1973 година, рег. бр. 135/65 е запишано следното: Престанува овластувањето за потпишување на Клементина Плевнеш, досегашен директор на Градската библиотека „Глигор Прличев" — Охрид.

Се овластува Елена Стефоска, в. д. управник, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 60/73. (31)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 5. X. 1973 година, рег. бр. 2/58, книга III е запишано следното: Се проширува дејноста на Фабриката за волнена, памучна и свилена трикотажа „Стружанка" — Струга, уште со: производство и продажба на диолен завеси во метража и вршење услуги при фарбањето.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од работничкиот совет на Фабриката „Стружанка" — Струга, бр. 03-4176 од 4. VIII. 1973 год. и решението на Одделението за инспекциски служби при Собранието на општина Струга, бр. 08-3967/59 од 26. IX. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 378/73. (35)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 15, страна 77, книга VIII е запишано следното: Кон Претпријатието „Стокопромет" — експорт-импорт — Скопје, се присоединува Земјоделската задруга „Жлне" од с. Жлне кај Књажевац, согласно со одлуката на задружниот совет, број 70/1-73 од 26. II. 1973 година и одлуката на работничкиот совет на „Стокопромет" — експорт-импорт — Скопје, број 04-432/3 од 29. III. 1973 година, донесена по пат на референдум.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1255/73 од 14. I. 1974 година. (39)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 86, страна 583, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Ран производ" — Куманово — Деловна единица — Продавница број 44, без својство на правно лице во Куманово, улица „Моша Пијаде" број 93. Предмет на работењето на продавницата е продажба на индустриско-прехранбени производи и откуп и продажба на земјоделски производи.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Ран производ" — Куманово, со одлуката на Задружниот совет, број 04-62/3 од 8. I. 1973 година.

Раководител на продавницата е Цветановски Стојан.

Деловната единица — Продавница број 44, без својство на правно лице, на ул. „Моша Пијаде" бр. 93, Куманово, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 144 од 5. II. 1974 година. (61)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 86, страна 583, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Ран производ" — Куманово — Деловна единица — продавница број 38, без својство на правно лице, во село Горно Којнаре, Куманово. Предмет на работењето на продавницата е откуп и продажба на земјоделски производи и продажба на колонијално-индустриска стока.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Ран производ" — Куманово, со одлуката на задружниот совет, број 04-512 од 27. X. 1972 година.

Раководител на продавницата е Симоновски Ѓорѓи.

Деловната единица — продавница број 38, без својство на правно лице во село Горно Којнаре ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 146 од 5. II. 1974 година. (63)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. број 86, страна 599, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Ран производ" — Куманово — Деловна единица — продавница број 41, без својство на правно лице, во село Степанце, Кумановско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на индустриско-прехранбени и земјоделски производи.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Ран производ" — Куманово, со одлуката на задружниот совет, број 04-62 од 8. I. 1973 година.

Раководител на продавницата е Јовановски Петар.

Деловната единица — продавница број 41 без својство на правно лице, во село Степанце ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 147 од 5. II. 1974 година. (64)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. број 86, страна 599, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Ран производ" — Куманово — Деловна единица — продавница број 42, без својство на правно лице, во село Тромеѓа, Кумановско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на индустриско-прехранбени производи и откуп и продажба на земјоделски производи.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Ран производ" — Куманово, со одлуката на работничкиот совет, број 04-62 од 8. I. 1973 година.

Раководител на продавницата е Каранфиловиќ Бранислав.

Деловната единица — продавница број 42, без својство на правно лице, во село Тромеѓа ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 148 од 5. II. 1974 година. (65)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 131, страна 39, книга II е запишано следното: Дејноста на Земјоделската задруга „Козјак“ — село Рожден, општина Кавадарци, согласно одлуката на советот на работната заедница од одржаната седница на 25. XI. 1973 година, во иднина се проширува и со:

1. снабдување на населението со стоки за широка потрошувачка;
2. вршење на транспортни услуги за правни и физички лица;
3. откуп и промет со земјоделско-сточарски производи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1833/73 од 4. II. 1974 година (66)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1605, страна 266, книга VIII е запишана под фирма: „Уњон промет“ — Трговско претпријатие на големо и мало — Скопје — Деловна единица — Продавница без својство на правно лице во Скопје, ул. „Дрварска“ број 11. Предмет на работењето на продавницата е продажба на пластични производи, санитарни и гумени производи.

Продавницата е основана од „Уњон промет“ — трговско претпријатие на големо и мало — Скопје, со одлуката на работната заедница од одржаната седница на 10. IX. 1973 година.

Раководител на продавницата е Митревски Ефто Љубиша.

Деловната единица — продавница без својство на правно лице во Скопје ,ул. „Дрварска“ бр. 11 ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето Митревски Ефто Љубиша, раководител.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1082/73 од 8. II. 1974 година. (67)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 132, страна 328, книга VIII е запишано под фирма: „Караорман“ — трговско претпријатие — Скопје — Деловна единица — стовариште без својство на правно лице во Скопје, ул. „ТЕ Маџари“. — Предмет на работењето на стовариштето е промет со градежни материјали и градежни машини.

Стовариштето е основано со одлуката на работничкиот совет на „Караорман“ — трговско претпријатие — Скопје, број 02-11437 од 16. X. 1973 година од одржаната седница на 5. X. 1973 година.

Раководител на стовариштето е Петрушев Видое.

Деловната единица — стовариште ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1136/73 од 8. II. 1974 година. (68)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1605, страна 266, книга VIII е запишано следното: Дејноста на Трговското претпријатие на големо и мало „Уњон промет“ — Скопје, согласно со одлуката на работната заедница бр. 370/87 од 23. VIII. 1973 година од одржаната седница на 15. VIII. 1973 год. се проширува и со промет на големо и мало со: железарија, водоводни, канализациони и санитарни материјали, сите видови на електро-материјали, гуми и пластични производи како и сите видови индустриски производи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 902 од 16. I. 1973 година. (70)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1499, страна 72, книга VII е запишано следното: На досегашните потписници на Планинарскиот ПТТ дом „Водно“ — Скопје, Ѓорѓиевски Душко и Каневчева Лилјана им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност со одлуката на работничкиот совет број 232 од 20. XII. 1973 година.

За нови потписници на Планинарскиот ПТТ дом „Водно“ — Скопје со одлуката на работничкиот совет бр. 232 од 20. XII. 1973 година од одржаната седница на 14. XII. 1973 година се назначени следните лица: Методиевски Љубе, управник на посебна угостителска единица, Борисовски Ангел, претседател на управниот одбор на посебна угостителска единица и Ристов Љубомир, книговодител на угостителската единица.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 242 од 4. II. 1974 година. (71)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег бр. 1607, страна 326, книга VIII е запишано следното: Решението на овој суд Фи. бр. 1536 од 24. XII. 1973 год. под точка 1 се менува и ќе гласи: Стопанска банка — Филијала — Скопје — Деловна единица за општествена исхрана — ресторан од затворен тип, без својство на правно лице во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1536/73 од 6. II. 1974 година. (72)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1643, страна 291, книга VIII е запишано следното: Се брише од регистарот на организациите на здружен труд Фурната во Скопје, ул. „1105“ бр. 62, населба Бутел I на Производното трговско претпријатие на големо и мало „Мако Тромеѓа“ — Ѓорче Петров, согласно со одлуката на работничкиот совет број 02-1123 од 23. VIII. 1973 година, од одржаната седница на 20. VIII. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1211/73 од 21. I. 1974 година. (73)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1643, страна 291, книга VIII е запишано следното: Се брише од регистарот на организациите на здружен труд Самостојната организација на здружен труд без својство на правно лице (во просториите на матичното претпријатие) — Ѓорче Петров, ул. „Маршал Тито“ бб, населба Маврово на Производното трговско претпријатие на големо и мало „Мако — Тромеѓа“ — Ѓорче Петров, согласно со одлуката на работничкиот совет од одржаната седница на 28. IX. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1623/73 од 21. I. 1974 година. (74)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1643, страна 291, книга VIII е запишано следното: Се брише од регистарот на организациите на здружен труд Организацијата на здружен труд, без својство на правно лице — Продавница во Ѓорче Петров, ул. „Маршал Тито“ бб. на Производното трговско претпријатие на големо и мало „Мако — Тромеѓа“ — Ѓорче Петров, согласно со одлуката на работничкиот совет од одржаната седница на 28. IX. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1624/73 од 21. I. 1974 година. (75)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1534, страна 190, книга VII е запи-

шано следното: „Текстилревија" — трговско услужно претпријатие на големо и мало — Скопје — Деловна единица — Продавница број 4 без својство на правно лице во Струмица, на улица „Маршал Тито" бр. 35. Предмет на работењето на продавницата е промет со текстилни стоки, конфекциска стока и трикотажа.

Продавницата е основана со одлуката на советот на работната заедница на „Текстилревија" — трговско услужно претпријатие на големо и мало — Скопје број 350 од 10. VIII. 1972 година, од одржаната седница на 5. VIII. 1972 година.

Раководител на продавницата е Глигорова Костадинка.

Деловната единица — продавница број 4 без својство на правно лице во „Струмица, ул. „М. Тито" бр. 35 ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1072/73 од 24. I. 1974 година. (77)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1534, страна 190, книга VIII е запишана под фирма: „Текстилревија" — трговско услужно претпријатие на големо и мало — Скопје — Деловна единица — Продавница број 3 без својство на правно лице во Струмица, улица „Маршал Тито" бр. 25. Предмет на работењето на продавницата е обавување промет со текстилни производи.

Продавницата е основана со одлуката на Советот на работната заедница на „Текстилревија" — трговско услужно претпријатие на големо и мало — Скопје, бр. 350 од 10. VIII. 1973 година.

Раководител на продавницата е Колева Борка.

Деловната единица — продавница број 3, без својство на правно лице во Струмица, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1079/73 од 24. I. 1974 година. (78)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 30. X. 1973 година, рег. бр. 21/73, книга I е запишано следното:

I. Пословницата во Битола, ул. „Маршал Тито" бр. 34, на „Прогрес" — Београд, Туристичка агенција „Центротурист" — Београд, се брише од регистарот на стопанските организации од рег. број 15/71/I, бидејќи дирекцијата за туристичко-угостителска агенциска сообраќајна дејност во земјата и странство „Центротурист" — Београд, се издвои од составот на Претпријатието за меѓународна трговија, застапување на странски фирми и туризам „Прогрес" — Београд.

II. Се дозволува упис на Пословницата во Битола, ул. „Маршал Тито" број 34, на „Центротурист" — Београд, и истата се запишува во регистарот на стопанските организации под рег. бр. 21/73, книга I, под фирма: „Центротурист" — претпријатие за туристичко-угостителска, агенциска сообраќајна и трговска дејност во земјата и странство — Београд — Пословница во Битола, ул. „Маршал Тито" број 34. Предмет на работењето на пословницата е:

— работи на аквизиција, продажба и резервација на смештајните капацитети во земјата и странство;

— соработува со домашни и странски правни лица во финансирањето, изградбата и експлоатацијата на сите видови туристички објекти во Југославија и посредување помеѓу домашни и странски правни лица во сите работи кои имаат за цел унапредување на туристичкото стопанство во Југославија;

— застапување на домашни туристички, сообраќајни и угостителски организации;

— туристички работи со странство;

— давање туристички и сообраќајни информации за земјата и странство;

— продажба на сите видови исправи за железнички, автобуски, бродски и авионски превоз и резервација на седиштата во домашниот и странскиот сообраќај и прибавување пасоши и визи;

— прифаќање, придружување и сместување на патниците и туристите;

— организирање на излети, кружни патувања, трансфер и разгледување на градови и знаменитости, водичка служба, јахтинг, ловен и риболовен туризам;

— одржување на постојани и привремени автобуски линии во земјата и странство, со сопствен автобуски парк;

— обавување на такси служба со сопствени возила и изнајмување на сопствени возила;

— организирање на пригодни патувања со приватни автомобили;

— давање на угостителски и туристички услуги во сопствените туристички населби, капацитет на хотелски и бунгалов тип и домашни ракотворби;

— продажба на цигари и алкохолни пијалоци од странско потекло, стока и сувенири за девизни парични средства во сите пословници, како и во сите хотелски објекти и туристички населби;

— изработка и продажба на разгледници, сувенири и слични предмети;

— продажба на поштенски и таксени марки;

— обавување на механички работи;

— авто-сервисни услуги во работилници и сервис во возниот парк;

— обавување на сервисни услуги во ремонтните работилници и во пристаништата;

— транспортирање на стока со авион-аир карго;

— организирање на конгреси, спортски приредби, турнири и други слични собири и обезбедување сместување и боравок;

— туристичка пропаганда, вклучувајќи го и издавањето и растурањето на сите видови рекламен материјал;

— обавување работи од прометот на речното и поморското бродарство на редовни и вонредни линии.

Раководител на пословницата е Ѓорѓи Стојановски.

Пословницата е основана од „Центротурист" — Београд.

Пословницата ќе ја потпишува Ѓорѓи Стојановски, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 226/73. (27)

---

Со правосилното решение Л. бр. 1/70 од 30. V. 1975 година на Окружниот стопански суд во Битола, заклучена е стечајната постапка над Трговското претпријатие „Тргопромет" од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Л. бр. 5/70. (96)

---

Со правосилното решение Л. бр. 1/69 од 30. V. 1975 година на Окружниот стопански суд во Битола, заклучена е стечајната постапка над Услужно дрводелското столарско претпријатие „Борис Крајгер" од село Долнени, Прилепско.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Л. бр. 1/69. (97)

---

Со правосилното решение Л. бр. 2/73 од 30. V. 1975 година на Окружниот стопански суд во Битола, заклучена е стечајната постапка над Бифето „Пелагонија" на Спортскиот клуб од село Логоварди, Битолско.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Л. бр. 2/73. (98)

## РЕГИСТАР НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДУЌАНИ

Врз основа на решението У. бр. 08-186 од 17. VI. 1974 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишано е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 35, рег. бр. 334, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар, Белчовски Левтеров Методи од село Русиново. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење на занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Белчовски Лефтеров Методи. (21)

---

Врз основа на решението У. бр. 550 од 30. XII. 1973 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 23, рег. бр. 322, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Бочваро-качарски занаетчиски дуќан „Златно буре" на Страторски Илија Љубе, с. Русиново, Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење занаетчиски услуги од бочваро-качарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Страторски Илија Љубе. (5)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-55/1 од 31. I. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 24, рег. бр. 323, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Јангелов Стојанов Ефтим, од село Чифлик, Берово. Предмет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Јангелов Стојанов Ефтим. (6)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-68 од 12. IV. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 29, рег. бр. 328, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Фризер Чучурска Јордан Снежана од Берово. Предмет на работењето на дуќанот е вршење услуги од фризерскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Чучурска Јордан Снежана. (11)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-71 од 15. IV. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 29, рег. бр. 328, книга I занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Ризински Николов Стојан од село Будинарци, Берово. Предмет на работењето на дуќанот е вршење на занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ризински Николов Стојан. (12)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-70 од 15. IV. 1974 година на Одделението за стопанство и комунални работи на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 26, рег бр. 325, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Петар Павлев Пачарски од село Будинарци, Берово. Премет на работењето на занаетчискиот дуќан е вршење на занаетчиски услуги од ѕидарскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Петар Павлев Пачарски. (13)

# КОНКУРСИ

Конкурсната комисија на ООЗТ — Детска пнеумо-фтизиологија при Градската општа болница — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места и тоа:

1. Два лекари специјалисти педијатри

Услови:

Кандидатите да се лекари специјалисти педијатри до 5 години педијатриски стаж.

Кандидатите со молбите за конкурирање треба да достават: уверение за положен специјалистички испит, лекарско уверение, извод од матичната книга на родените, уверение за државјанство и работна книшка.

Некомплетирани пријави со потребните документи нема да бидат земени предвид за разгледување од страна на комисијата.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

Личен доход според Самоуправната спогодба за личните доходи на ООЗТ. (145)

---

Конкурсната комисија на Фабриката „Стружанка" — Струга и Комисијата за примање, прераспоредување и престанок на работен однос на Фабриката „Стружанка" — Струга

распишуваат

**КОНКУРС**

ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА И РЕИЗБОР:

1. ДИРЕКТОР НА ФИНАНСИСКИ СЕКТОР (реизбор)
2. ДИРЕКТОР НА КОМЕРЦИЈАЛЕН СЕКТОР (реизбор)
3. ШЕФ НА РАЗВОЈ
4. ЗАМЕНИК КОМ. ДИРЕКТОР

Услови:

Под 1 — да е дипломиран економист и да има над 3 год. работно искуство во текстилната струка -гранка 124.

Под 2 — да е дипломиран економист и да има над 3 год. работно искуство, виша стручна према и над 5 год. работно искуство, средно стручно образование и над 10 години работно искуство во текстилната струка-гранка 124.

Под 3 и 4 — да е дипломиран економист и да има над 2 год. работно искуство во текстилната струка-гранка 124.

Кандидатите да ја имаат регулирано воената обврска.

Кандидатите да поседуваат морално-политички и организациони способности.

Личен доход според Самоуправната спогодба за распределба на личниот доход на Фабриката „Стружанка" — Струга.

Кандидатите заедно со молбата поднесуваат:

— кратка биографија за движењето во службата;

— лекарско уверение;

— доказ за школската подготовка;

— доказ за работното искуство;

— доказ да не се под истрага односно доказ за неосудувани;

— на лица во работен однос согласност од работната организација каде работат.

Некомплетираните документи нема да се земат предвид.

Конкурсната комисија ќе ги разгледа молбите 8-от ден по истекот на конкурсот.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

За резултатите од конкурсот кандидатите ќе бидат известени 8-от ден по одлучувањето. (144)

Комисијата за меѓусебни односи на работниците на здружениот труд при ООЗТ Забоздравствена заштита — забна поликлиника при Медицинскиот центар во Куманово,

распишува

**КОНКУРС**

за времено пополнување на упразнетото работно место:

1. Лекар стоматолог 1

Услови:

Покрај општите услови предвидени според Законот, пријавените кандидати треба да имаат завршено Стоматолошки факултет и завршено стажански — лекарски стаж.

Личен доход според Самоуправната спогодба за основите и мерилата за распределба на личниот доход на работниците при Медицинскиот центар во Куманово.

Огласот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Молбите таксирани со два динари таксена марка, диплома за завршен стоматолошки факултет како и документ за завршен лекарски — стажански стаж се доставуваат до Комисијата за меѓусебни односи на работниците на здружениот труд при ООЗТ Забоздравствена заштита — забна поликлиника при Медицинскиот центар во Куманово, соба број 36.

---

Врз основа на чл. 68 и 71 од Статутот на работната организација, Конкурсната комисија за именување директор на Мешовитото трговско претпријатие „Осми септември" — Дебар

распишува

**КОНКУРС**

за директор на работната организација (именување)

За директор на работната организација ќе биде именувано лице кое покрај општите услови ги исполнува и, следните посебни услови:

— да има високо образование — економски или правен факултет со 7 години работно искуство, од кои 4 години на раководни работни места;

— да има више образование — виша економска комерцијална школа или виша управна школа со 10 години работно искуство, од кои 5 години на раководни работни места;

— да не е осудуван за кривични дела од член 134 од Законот за конституирање и упис во судскиот регистар на организациите на здружениот труд;

— со судска одлука да не му е забрането вршењето на должноста директор.

Личниот доход му се одредува спрема одредбите на Самоуправната спогодба за распределба на личните доходи во работната организација.

Пријавените кандидати, покрај молбата таксирана со 2,00 динари таксени марки, да ги достават и следните документи:

— доказ за завршено образование,
— доказ за работното искуство,
— лекарско уверение,
— уверение дека не е осудуван,
— уверение дека не се под истрага и
— уверение дека не им е забрането вршењето на должноста директор.

Некомплетираните документи нема да бидат разгледувани.

Конкурсот трае 15 дена по објавувањето во „Службен весник на СРМ". (169)

---

Конкурсната комисија при Општествениот дом „Скопје" — Дебар, врз основа на член 81 од Статутот на Домот, член 10 и 11 од Самоуправната спогодба за меѓусебните односи на работниците на здружениот труд при Домот, и член 12 од Самоуправната спогодба за систематизацијата на работните места,

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место — директор на Општествениот дом „Скопје" — Дебар

Кандидатот, покрај општите услови од Законот за меѓусебните односи на работниците на здружениот труд, треба да ги исполнува и следните услови:

— да има завршено филозофски факултет, 10 години работен стаж, од кои 6 на раководни места.

— више образование, 15 години работен стаж, од кои 8 години на раководно место.

Пријавите со сите комплетирани документи се доставуваат до Конкурсната комисија на Домот.

Некомплетирани документи не се земаат во предвид.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето во „Службен весник на СРМ". (170)

---

## СОДРЖИНА

Страна


395. Закон за определување на граници во кои општините можат да пропишат стапки на посебниот општински данок на промет за определени производи — — — 593
396. Закон за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок за промет на производи и услуги — — — — — — 593
397. Закон за изменување на Законот за судските такси — — — — — — — — 593

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

315. Самоуправна спогодба за здружување на општинските заедници на вработувањето во Републичка заедница на вработувањето — — — — — — — — — 594

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

316. Одлука за формирање на стручна служба на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар — — — 598
317. Одлука за овластување на Републичката заедница на здравството и здравственото осигурување на СРМ за донесување одлука за учество на осигурениците во трошоците за лекови — — — — — 598
318. Одлука за надоместок на патни и дневни трошоци на осигурените лица на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар — — — — 598
319. Одлука за висината на надоместокот на погребни трошоци и посмртна помош на осигурениците — работници и со нив изедначени лица на подрачјето на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Дебар — — — — — 599
320. Одлука за висината на помошта за спрема на новородено дете — — — — 600
321. Одлука за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување — — — — — — — — 600
322. Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци — — 601
323. Одлука за утврдување на височината на учеството на осигурените лица — земјоделци во поднесувањето на трошоците за здравствени услуги — — — — — 601
324. Одлука за определување на основиците за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители, превозници и адвокати — — — 601

**Во издание на СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ излезе од печат збирката**

## ПРЕКРШОЦИ
**со објаснувања**

**Збирката ја приготвиле: Миле Крцковски и м-р Ванчо Проевски.**

**Збирката ги содржи Законот за прекршоци, објаснувањата на материјалните и процесните одредби за прекршоци, Законот за органите за водење на постапката за прекршоци, Деловник на органите за водење на прекршочната постапка со обрасци, Правилник за трошоци и обрасци, републички и сојузни прописи што содржат посебни прописи за прекршоци и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, и регистар на поими.**

**Целта на збирката е да ја олесни примената на законите и другите прописи што се однесуваат или имаат врска со прекршоците, а остварувањето на оваа цел е едновремено интерес и потреба како на оние што ги применуваат прописите така и на оние на кои тие се однесуваат.**

**Збирката корисно ќе им послужи на собранијата на општините и нивните органи на управата, правосудните установи, работните организации, адвокатите и граѓаните.**

**Збирката има 650 страници во двобојна корица.**

**Цената е 120 динари.**

**Во едицијата „Збирка на прописи" се наоѓаат во печат**

## ЗБИРКА НА ОДЛУКИ
### НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

**Збирката ги содржи, покрај предговор, сите одлуки од судската практика на Врховниот суд на Македонија за десеттогодишен период заклучно со 1974 година.**

**Материјата е систематизирана по области во три дела:**

**— одлуки од судската практика по кривично право,**

**— одлуки од судската практика по граѓанско право,**

**— одлуки од судската практика по управно право.**

**Кон збирката е даден и регистар на поими.**

**Збирката ќе има околу 650—700 страници тврдо подврзана во полуплатно.**

**Цената е 150 динари.**

### ЗБИРКА НА ПРОПИСИ
### ОД СТАНБЕНАТА ОБЛАСТ

**Во збирката, покрај досега донесените прописи, ќе бидат објавени и Законот за деловните згради и деловните простории и Законот за промет со земјишта и згради, што се очекува наскоро да бидат донесени од Собранието на СРМ.**

### ЗАКОН ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО
**со објаснувања и судска практика**
**и со регистар на поимите**

**Во продажба имаме, во ограничен број примероци, од следните изданија:**

**УСТАВ НА СФРЈ и**

**УСТАВ НА СРМ**

**Во пластична корица.**

**Цена 70 динари.**

**ЗБИРКА НА ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА на Уставниот суд на Македонија.**

**Цена на збирката е 50 динари.**

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ за изборниот систем во организациите на здружениот труд (избор на работнички совети, други органи на управување и директори) со објаснувања и обрасци.**

**Цена на збирката е 45 динари.**

**ОПШТЕСТВЕН ПЛАН за развојот на Социјалистичка Република Македонија од 1971—1975 година. Во збирката се објавени и Основните пропорции за развојот на СРМ од 1971 до 1975 година.**

**Цена на збирката е 20 динари.**

**Порачки прима Претплатната служба на Службен весник на СРМ, 91000 Скопје, пошт. фах 51. Уплатите се вршат на жиро сметка 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство — Скопје.**

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**